# Програмски Активности 2026-2027

ФОНДАЦИЈА
ЗАЕВ
ЕДНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ

ФОНДАЦИЈА
ЗАЕВ
ЕДНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ

**„ФОНДАЦИЈА ЗАЕВ – ЕДНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ“ водејќи се од целите пропишани во Статутот на Фондацијата, во 2026/2027 година ќе ги реализира следниве активности:**[1]

**1)** Во рамки на **„ЗАЕВ Социјално-хуманитарна програма“** преку вршење на дејности и хуманитарни активности за поддржување на заедницата преку помош (материјална и нематеријална) на ранливи категории на граѓани и подобрување на животот на ранливото население во заедницата, предвидено е одбележување на *Светскиот ден на социјалната правда, 20 Февруари (World Day of Social Justice, 20 February), Светскиот ден на хуманитарноста, 19 Август (World Humanitarian Day, 19 August), Меѓународниот ден на милосрдието, 5 Септември (International Day of Charity, 5 September), Светскиот ден на детето, 20 Ноември (World Children's Day, 20 November), Меѓународниот ден на волонтерството, 5 Декември (International Volunteer Day, 5 December) и Меѓународниот ден на човечката солидарност, 20 Декември (International Human Solidarity Day, 20 December)*, преку реализација на:

- **Светскиот ден на социјалната правда (20 Февруари) и Светскиот ден на хуманитарноста (19 Август)**

***- Патувачка изложба „Гласови од заедницата“***

Организирање патувачка изложба низ повеќе општини со фотографии, аудио-сведоштва и кратки документарни приказни за луѓе кои се соочиле со сиромаштија, социјална исклученост или животни предизвици, со цел поттикнување емпатија и солидарност.

***- Хуманитарна акција „Соседството помага“***

Организирање координирани локални акции во кои граѓани, компании и институции ќе донираат храна, училишен прибор, облека и средства за домаќинства во социјален ризик.

***- Обуки за солидарност и хуманост***

Спроведување интерактивни обуки за млади за волонтерство, организација на хуманитарни акции, тимска работа и граѓански активизам.

[1]Периодот на реализација може да претрпи промени во зависност од новонастанати околности кои не можеле да се предвидат претходно, согласно периодот кој е запишан во Програмата.

- **Меѓународниот ден на милосрдието (5 Септември) и Меѓународниот ден на човечката солидарност (20 Декември)**

***- „Тивките херои на заедницата“***

Јавен повик за номинација и доделување признанија на граѓани кои несебично помагаат на луѓе во својата заедница.

***- Солидарен викенд***

Организирање викенд-акции за уредување домови, дворови и јавни простори за стари лица, самохрани родители и ранливи семејства со помош на волонтери и локални компании.

***- „Отворена трпеза“***

Организирање заеднички хуманитарен настан на отворено со бесплатен оброк, културна програма и активности за дружење и поврзување на различни категории граѓани.

- **Светскиот ден на детето (20 Ноември)**

***- Ден на детска креативност и иновации***

Поставување интерактивни зони за наука, уметност, екологија и креативни игри со активно учество на ученици, наставници и родители.

***- „Мали новинари“***

Организирање еднодневна детска медиумска редакција во која децата ќе подготвуваат интервјуа, прилози и кратки видеа за теми што ги засегаат.

- **Меѓународниот ден на волонтерството (5 Декември)**

***- Саем на волонтерство и граѓански иницијативи***

Организирање јавен саем на кој граѓанските организации ќе ги претставуваат можностите за волонтирање и активно вклучување на младите.

***- Годишни признанија за волонтерство***

Организирање настан за доделување признанија за најуспешни младински, хуманитарни и волонтерски иницијативи во заедницата.

2) Во рамки на **„ЗАЕВ Солидарно-инклузивна програма“** ќе биде спроведено поттикнување на социјалната инклузија на ранливи целни групи на население, како и намалување на ранливоста на населението соочено со одредени социјални ризици. Преку организирање пристапни настани кои ќе овозможат сите учесници, вклучувајќи ги и лицата со попреченост целосно да учествуваат, предвидено е одбележување на *Меѓународниот ден на лицата со попреченост, 3 Декември (International Day of Persons with Disabilities, 3 December), Меѓународниот ден на човековите права, 10 Декември (Human Rights Day, 10 December), Денот на нула дискриминација, 1 март (Zero Discrimination Day, 1 March), Одбележување на Светскиот ден на лицата со Даунов синдром, 21 Март (World Down Syndrome Day, 21 March) и Светскиот ден за подигање на свеста за аутизам, 2 Април (World Autism Awareness Day, 2 April)*, преку реализација на:

- **Меѓународниот ден на лицата со попреченост (3 Декември)**

**- *Инклузивен спортски и рекреативен ден***

Реализација на спортски активности и игри во кои заеднички учествуваат лица со и без попреченост со цел поттикнување еднаквост и социјална вклученост.

**- *Работилници за инклузивно вработување***

Организирање практични работилници за компании за адаптација на работните места и подобрување на пристапноста при вработување.

- **Меѓународниот ден на човековите права (10 Декември) и Денот на нула дискриминација (1 март)**

**- *Кампања „Почитувај различности“***

Спроведување јавна и дигитална кампања со видео-пораки, изложби и лични приказни за надминување на предрасудите и дискриминацијата.

**- *Обуки за медиумска и дигитална култура***

Организирање обуки за препознавање говор на омраза, дезинформации и онлајн насилство кај младите.

- **Одбележување на Светскиот ден на лицата со Даунов синдром (21 Март) и Светскиот ден за подигање на свеста за аутизам (2 Април)**

**- *Креативни инклузивни работилници***

Организирање заеднички музички, драмски и ликовни работилници за деца со и без развојни разлики.

***- Поддршка за родители и старатели***

Организирање средби, психолошки советувања и едукативни сесии за родители и старатели на деца со развојни потешкотии.

3) Во рамки на **„ЗАЕВ Банка за храна“** преку собирање на вишоци храна, нивно складирање и дистрибуција до социјално загрозените категории на граѓани во борбата против сиромаштијата и гладот. Одбележувањето на активностите во оваа програма ќе биде во координација и со активностите од **„ЗАЕВ Програма за подигање на свеста за јавното здравје“**, предвидено е одбележување на *Светскиот ден на храната, 16 Октомври (World Food Day, 16 October), во чест на датумот на основањето на Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации и одбележување на Меѓународниот ден за борба против сиромаштија, 17 Октомври (International Day for the Eradication of Poverty, 17 October) и Одржливиот ден на гастрономијата, 18 Јуни (Sustainable Gastronomy Day, 18 June),* преку реализација на:

- **Светскиот ден на храната (16 Октомври) и Меѓународниот ден за борба против сиромаштија (17 Октомври)**

***- Акција „Ниту едно дете гладно“***

Организирање акции за обезбедување училишни оброци и пакети со основни прехранбени производи за семејства во социјален ризик.

***- Мрежа за собирање вишоци храна***

Формирање волонтерска мрежа за собирање вишоци храна од маркети, ресторани и настани и нивна дистрибуција до семејства на кои им е потребна помош.

- **Одржливиот ден на гастрономијата (18 Јуни)**

***- Урбани градини за заедницата***

Поставување мали урбани градини и едукативни работилници за одгледување храна во урбани услови.

***- Натпревар за здрав и одржлив оброк***

Организирање натпревар помеѓу млади и ученици за подготовка на здрави и достапни оброци со локални производи.

4) Во рамки на **„ЗАЕВ Хакатон“** кој има за цел да поттикне млади, креативни и иновативни луѓе да изработат предлог иновативни софтверски и мултимедијални решенија центрирани околу одредена актуелна тема, предвидена е одбележување на *Светскиот ден на креативноста и иновативноста, 21 Април (World Creativity and Innovation Day, 21 April), Меѓународниот ден на девојките и жените во науката, 11 Февруари (International Day of Women and Girls in Science, 11 February), Светскиот ден на бегалците, 20 Јуни (World Refugee Day, 20 June) и Светскиот ден на вештини на младите, 15 Јули (World Youth Skills Day, 15 July)*, преку реализација на:

***- Предизвик „Вештачка интелигенција за општествено добро“***

Организирање хакатон на кој младите ќе развиваат дигитални решенија базирани на вештачка интелигенција за поддршка на образованието, социјалната заштита, животната средина и локалните заедници.

***- Иновациски предизвик „Никој не е изоставен“***

Развој на дигитални алатки и мобилни решенија за подобрување на пристапот до информации, образование и услуги за ранливи категории граѓани и лица во социјален ризик.

**5)** Во рамки на **„ЗАЕВ Академија за млади лидери“** е предвидено учесниците да можат да работат индивидуално и во групи со истакнати поединци, стекнувајќи лидерски вештини и унапредувајќи го својот професионален раст и развој. Точниот број на ученици, потребните професионални квалификации и компетенции, процесот на аплицирање, процесот на селекција, точната програма со предавања и интерактивни работилници, семинари и студиски посети дополнително ќе биде дефинирана. Реализацијата на оваа Академија предвидува одбележување на 2 (два) меѓународно значајни денови и тоа *Меѓународниот ден на образованието, 24 Јануари (International Day of Education, 24 January) и Меѓународниот ден на младите, 12 Авуст (International Youth Day, 12 August)*, преку реализација на:

***- Академија за лидерство и јавен настап***

Организирање програма за развој на лидерски капацитети, комуникациски вештини, критичко размислување и јавно говорење преку практични симулации и студии на случај.

***- „Млади лидери за промени“***

Учесниците ќе развиваат сопствени иницијативи за решавање на конкретни предизвици во локалните заедници, со поддршка од ментори и експерти.

6) Во рамки на **„ЗАЕВ Академија за јавни политики“**, целта ќе биде континуирана едукација и унапредување на вештините на учесниците, притоа разбирајќи го процесот на креирање јавни политики. Точниот број на ученици, потребните професионални квалификации и компетенции, процесот на аплицирање, процесот на селекција, точната програма со предавања и интерактивни работилници, семинари и посети дополнително ќе биде дефинирана. Реализацијата на оваа Академија предвидува одбележување на 2 (два) меѓународно значајни денови, и тоа *Меѓународниот ден на демократијата, 15 Септември (International Day of Democracy, 15 September) и Светскиот ден на културната разноличност за дијалог и развој, 21 Мај (World Day for Cultural Diversity for Dialogue and Development, 21 May)*, преку реализација на:

***- Демократска лабораторија***

Симулација на процеси на донесување одлуки во јавни расправи и преговарачки процеси со цел подобро разбирање на функционирањето на демократските системи.

***- Форум „Различноста како предност“***

Организирање јавни дебати и панел-дискусии за интеркултурен дијалог, социјална кохезија и улогата на различностите во современите демократии.

7) Во рамки на **„ЗАЕВ Конгресен центар“** со цел унапредување на соработката со лидери на глобално ниво во духот на демократските вредности, промоцијата и заштитата на човековите права и слободи, политичкиот плурализам, меѓусебната толеранција, заедништвото и солидарноста, покрај останатите активности, предвидена е одбележување на Одбележување на *Меѓународниот ден на трудот, 1 Мај (International Labour Day, 1 May), Денот на Европа, 9 мај (Europe Day, 9 May), Меѓународниот ден на пријателството, 30 Јули (International Day of Friendship, 30 July), Меѓународниот ден на мирот, 21 Септември (International Day of Peace, 21 September) и Одбележување на Денот на Обединетите нации, 24 Октомври (United Nations Day, 24 October)*, преку реализација на:

***- Дијалог на генерации***

Поврзување на искусни општествени лидери со млади професионалци преку јавни разговори и менторски сесии за лидерство, демократија и општествен развој.

***- Настан посветен на мир и соработка***

Организирање регионален настан посветен на градење доверба, меѓусебна соработка, човекови права и улогата на младите во зачувувањето на мирот.

8) Во рамки на **„ЗАЕВ Програма за здрава животна средина“** со цел подигање на свеста за заштита на животната средина преку реализација на активности и еколошки акции за борба против климатските промени, зголемување на зелените површини и чистење на постоечките, како и промовирање на обновливите извори на енергија, предвидена одбележување на *Меѓународниот ден на шумите, 21 Март (International Day of Forests, 21 March), Светскиот ден на водата, 22 Март (World Water Day, 22 March), Меѓународниот ден на планетата Земја, 22 Април (International Mother Earth Day, 22 April) и Светскиот ден на животната средина, 5 Јуни (World Environment Day, 5 June),* преку реализација на:

- **Меѓународниот ден на шумите (21 Март) и Светскиот ден на животната средина (5 Јуни) и Светскиот ден на водата (22 Март) и Меѓународниот ден на планетата Земја (22 Април)**

**- *Акција „Грижи се за зелена површина“***

Вклучување на училишта, компании и граѓански организации во долгорочна грижа за паркови, училишни дворови и јавни зелени површини.

**- *Натпревар „Најзелена заедница“***

Поттикнување на месните заедници и училиштата да реализираат локални еколошки иницијативи, со јавно признавање на најуспешните практики.

9) Во рамки на **„ЗАЕВ Програма за подигање на свеста за јавното здравје“**, насочена кон унапредување на човековото здравје, здравствената благосостојба и соодветна здравствената грижа како најзначаен предуслов за зачувување на човековиот живот, предвидена е одбележување на *Светскиот ден на здравјето, 7 Април (World Health Day, 7 April), Светскиот ден на крводарителство, 14 Јуни (World Blood Donor Day, 14 June), Меѓународниот ден на старите лица, 1 Октомври (International Day of Older Persons, 1 October), Светскиот ден посветен на менталното здравје, 10 Октомври (World Mental Health Day, 10 October) и Меѓународниот ден на подготвеност за епидемии, 27 декември (International Day of Epidemic Preparedness, 27 December),* преку реализација на:

- **Светскиот ден на здравјето (7 Април) и Светскиот ден на крводарителство (14 Јуни)**

**- *Караван за превентивно здравје***

Организирање мобилни пунктови во повеќе населени места за бесплатни здравствени прегледи, советувања и едукација за превенција.

**- *Кампања „Дарувај крв, спаси живот“***

Реализација на јавни активности за подигање на свеста за значењето на доброволното крводарителство.

❖ **Меѓународниот ден на старите лица (1 Октомври) и Светскиот ден посветен на менталното здравје (10 Октомври)**

**- *Меѓугенерациски клубови***

Поврзување на млади и постари лица преку заеднички активности, размена на искуства и дружење.

**- *Денови на психолошка поддршка***

Бесплатни предавања и советувања за управување со стрес, анксиозност и психолошка благосостојба.

**- *„Активно стареење“***

Промоција на здрави животни навики, рекреација и социјална вклученост на постарите лица.

❖ **Меѓународниот ден на подготвеност за епидемии (27 декември)**

**- *Обуки за здравствена подготвеност на заедницата***

Едукативни активности за превенција, навремено информирање и одговор при јавно-здравствени ризици.

10) Во рамки на **„ЗАЕВ деловно-технолошки акцелератор“** за поддршка на старт-ап, мали и средни компании преку развој на методи за тестирање на ефективноста на бизнис моделот, евалуација на применетата технологија, долгорочна одржливост на предвидената иновација и идентификување на пазарниот потенцијал во деловната практика, предвидена е одбележување на *Денот на микро, мали и средни претпријатија, 28 Јуни (Micro-, Small and Medium-sized Enterprises Day, 27 June) и Светскиот ден за корпоративна општествена одговорност, 18 Февруари (World Corporate Social Responsibility (CSR) Day, 18 February),* преку реализација на:

❖ **Денот на микро, мали и средни претпријатија (28 Јуни) и Светскиот ден за корпоративна општествена одговорност (18 Февруари)**

**- *Програма за претприемништво и иновации***

Практична програма за млади претприемачи и стартап тимови за развој на бизнис модели, финансиско планирање и пристап до инвестиции.

- *Локално до глобално*

Менторска програма за поддршка на компании кои сакаат да настапат на регионални и европски пазари.

11) Во рамки на **„ЗАЕВ спортско-рекреативна програма“** преку активности за развој и унапредување на спортотќе бидат иницирани посебни програми кои ќе создадат услови за спроведување спортски активности. Во рамки на оваа програмае предвидено и креирање на **„ЗАЕВ Мото рели“** преку активности реализирани во натпреварувачки дух и спортска рекреација на учесниците, обезбедувајќи организациска поставеност за реализација. Одбележувањето на активностите во оваа програма ќе биде во координација и со активностите од **„ЗАЕВ Програма за подигање на свеста за јавното здравје“**, со предвидено одбележување на *Меѓународниот ден на спортот за развој и мир, 6 Април (International Day of Sport for Development and Peace, 6 April), Светскиот ден на велосипедот, 3 Јуни (World Bicycle Day, 3 June) и Светскиот ден на превенција од самоубиства, 10 Септември (World Suicide Prevention Day, 10 September)*, преку реализација на:

- **Меѓународниот ден на спортот за развој и мир (6 Април) и Светскиот ден на велосипедот (3 Јуни)**

- ***Спортски фестивал за сите генерации***

Организирање спортско-рекреативен настан со учество на деца, млади, семејства и пензионери.

***- Велосипедска тура за здрава заедница***

Рекреативна велосипедска рута низ повеќе населени места со едукативни и промотивни активности.

- **Светскиот ден на превенција од самоубиства (10 Септември)**

- ***„Разговарај, не молчи“***

Јавна кампања за подигање на свеста за менталното здравје и важноста од навремено барање поддршка.

***- Обуки за тренери и младински работници***

Јакнење на капацитетите за препознавање психолошки предизвици кај младите и обезбедување соодветна поддршка.